# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Број 115 Год. LXII Понеделник, 6 ноември 2006 Цена на овој број е 170 денари**

**www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk**


## СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1962. | **Одлука** за помилување на осудени лица | 2 |
| 1963. | **Оглас** за избор на членови на Судскиот совет на Република Македонија што ги избира Собранието на Република Македонија.................................. | 2 |
| 1964. | **Одлука** за давање на користење на деловен простор без надомест............. | 3 |
| 1965. | **Одлука** за формирање на Комитет на министри за следење и координација на активностите кои се однесуваат за подобрување на соодветната и правичната застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната управа и јавните претпријатија.... | 3 |
| 1966. | **Одлука** за дополнување на Одлуката за формирање на меѓуресорско тело за координација на активностите против корупцијата..................................... | 3 |
| 1967. | **Решение** за именување директор на Управата за извршување на санкциите.. | 4 |
| 1968. | **Решение** за разрешување и именување член на Комисијата за осигурување од автомобилска одговорност......... | 4 |
| 1969. | **Решение** за именување претседател и членови на Управниот комитет за развој на земјоделските статистики.......... | 4 |
| 1970. | **Решение** за разрешување од должноста директор на Казнено-поправен дом Идризово со Отворено одделение во Велес........ | 4 |
| 1971. | **Решение** за разрешување од должноста заменик на директорот на Казнено-поправен дом од Отворен вид Струга........... | 5 |
| 1972. | **Решение** за разрешување од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија | 5 |
| 1973. | **Решение** за разрешување од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за стопанисување со пасишта - Скопје... | 5 |
| 1974. | **Решение** за именување претседател и членови на Комисијата за жалби по јавни набавки на Владата на Република Македонија..... | 5 |
| 1975. | **Решение** за разрешување од функцијата заменик на јавниот правобранител на Република Македонија за подрачјето на Велес.................................. | 5 |
| 1976. | **Решение** за именување јавен правобранител на Република Македонија.... | 5 |
| 1977. | **Решение** за разрешување од функцијата заменик на јавниот правобранител на Република Македонија за подрачјето на Кочани............................... | 6 |
| 1978. | **Решение** за именување директор на Државната фитосанитарна лабораторија...... | 6 |
| 1979. | **Решение** за именување заменик на директорот на Државниот завод за индустриска сопственост..................... | 6 |
| 1980. | **Решение** за именување директор на Бирото за судски вештачења................ | 6 |
| 1981. | **Решение** за именување директор на Бирото за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците........................... | 6 |
| 1982. | **Решение** за именување директор на Државниот инспекторат за шумарство и ловство.............................................. | 6 |
| 1983. | **Решение** за именување директор на Казнено-поправен дом Идризово со Отворено одделение во Велес............. | 6 |
| 1984. | **Решение** за именување заменик на директорот на Казнено-поправен дом од Отворен вид Струга......................... | 7 |
| 1985. | **Решение** за разрешување од должноста директор на Воспитно-поправен дом Тетово............................................ | 7 |
| 1986. | **Решение** за именување директор на Воспитно-поправен дом Тетово........... | 7 |
| 1987. | **Решение** за разрешување од должноста в.д. директор на Затвор Охрид....... | 7 |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1988. | **Решение** за именување државен секретар во Министерството за култура.. | 7 |
| 1989. | **Решение** за именување директор на Затвор Охрид.......................................... | 7 |
| 1990. | **Решение** за разрешување од должноста в.д. директор на Затвор Гевгелија..... | 7 |
| 1991. | **Решение** за именување директор на Затвор Гевгелија................................... | 8 |
| 1992. | **Решение** за разрешување од должноста заменик на директорот на Затвор Гевгелија................................................ | 8 |
| 1993. | **Решение** за именување заменик на директорот на Затвор Гевгелија........... | 8 |
| 1994. | **Решение** за разрешување од должноста директор на Затвор Битола со Отворено одделение во Прилеп........... | 8 |
| 1995. | **Решение** за именување директор на Затвор Битола со Отворено одделение во Прилеп................................................ | 8 |
| 1996. | **Решение** за разрешување од функцијата заменик на јавниот правобранител на Република Македонија за подрачјето на Гевгелија........................... | 8 |
| 1997. | **Решение** за разрешување од функцијата заменик на јавниот правобранител на Република Македонија за подрачјето на Гостивар............................ | 8 |
| 1998. | **Решение** за разрешување од функцијата заменик на јавниот правобранител на Република Македонија за подрачјето на Скопје................................ | 9 |
| 1999. | **Решение** за именување директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија........................................ | 9 |
| 2000. | **Решение** за именување претседател и членови на Советот на Институтот за акредитација на Република Македонија.... | 9 |
| 2001. | **Решение** за разрешување од должноста директор на Државната фитосанитарна лабораторија................................ | 9 |
| 2002. | **Решение** за именување директор на Фитосанитарната управа...................... | 9 |
| 2003. | **Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор на Јавното претпријатие „Македонски железници“ - Скопје................................. | 9 |
| 2004. | **Решение** за именување членови на Управувачкиот комитет за координација и управување со системот за управување со кризи............................ | 10 |
| 2005. | **Решение** за именување членови на Групата за процена............................... | 10 |
| 2006. | **Решение** за разрешување и именување член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Македонски железници“ - Скопје....................................... | 10 |
| 2007. | **Изменување на лиценца** под бр. 19-2013/1 од 2.06.2006 година издадена на Акционерското друштво за приредување игри на среќа и забавни игри „Лотарија на Македонија“ - Скопје за постојано приредување на посебна игра на среќа Обложување на спортски натпревари што се наоѓа на ул. „Гоце Делчев“ бб, во Прилеп............... | 10 |
| 2008. | **Изменување и дополнување на лиценца** под бр. 23-2196/3 од 25.05.1998 година издадена на Акционерското друштво за приредување игри на среќа и забавни игри „Лотарија на Македонија“ - Скопје за постојано приредување на посебна игра на среќа во автомат клуб..... | 11 |
| 2009. | **Правилник** за формата и содржината на образецот на легитимацијата и амблемот на фитосанитарен инспектор............. | 11 |
| 2010. | **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за униформата и знакот што го носат инспекторите за заштита на растенијата на граничен премин............................................ | 12 |
| | **Огласен дел..........................................** | **1-36** |


## ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1962.**

Врз основа на член 84, став 1, алинеја 9 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91 и 91/2001), согласно член 1 од Законот за помилување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/93), Претседателот на Република Македонија донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

I

Потполно се ослободуваат од извршување на неиздржаниот дел од казната затвор осудените лица:

1. Љубомир Миливој Стојановски, од с. Волково,
2. Роберт Бранко Павловски, од Скопје.

II

Извршувањето на казната затвор им се замени со условна осуда за време од 1 година на осудените лица:

1. Делче Стојан Гошев од с. Звегор, во траење од 3 месеци,
2. Иван Андон Ѓоргиев од Струмица, во траење од 2 месеци,
3. Атилан Таџедин Етеми од Тетово, во траење од 3 месеци.

III

Извршувањето на казната затвор им се замени со условна осуда за време од 3 години на осудените лица:

1. Весна Петар Атанасова од Скопје, во траење од 6 месеци,
2. Раде Бранко Маринковски од с. Бујковци, во траење од 6 месеци.

IV

Делумно се ослободуваат од извршување на неиздржаниот дел од казната затвор осудените лица:

1. Горан Атанас Костадинов од с. Иственик, во траење од 6 месеци,
2. Тони Димитрие Дамевски од с. Дихово, во траење од 6 месеци.

V

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-1025
6 ноември 2006 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1963.**

Врз основа на член 9 став 1 алинеја 2, а во врска со членовите 10 и 26 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” број 60/2006 и 69/2006), претседателот на Собранието на Република Македонија, на 6 ноември 2006 година, распиша

### ОГЛАС
### ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ШТО ГИ ИЗБИРА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Собранието на Република Македонија ќе врши избор на тројца членови на Судскиот совет на Република Македонија.

2. Заинтересираните кандидати, универзитетски професори по право, адвокати и други истакнати правници, пријавите со потребните документи да ги поднесат до Собранието на Република Македонија во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Огласот во "Службен весник на Република Македонија".

3. Овој оглас ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија" и во весниците "Дневник", "Утрински весник" и "Факти".

Бр. 07-4049/1
6 ноември 2006 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски,** с.р.

---

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1964.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05 и 37/06), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31.10.2006 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР БЕЗ НАДОМЕСТ

Член 1

Со оваа одлука се дава на користење без надомест деловниот простор на ул. „Даме Груев" бр. 1, во Скопје со површина - приземје 47,57 м2 и мезанин 231,23 м2 сопственост на Република Македонија од досегашниот корисник Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Член 2

Деловниот простор од член 1 на оваа одлука на Комисијата за заштита на конкуренцијата се доделува на времено користење без надомест, се до завршувањето на активностите за адаптација на просторот на 6-ти кат со површина од 676 м2 во објектот НИП „Нова Македонија", доделен со Одлука на Владата на Република Македонија бр. 19-2421/1 од 19.06.2006 година.

Член 3

Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија и Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе извршат примопредавање на деловниот простор од член 1 од оваа одлука во рок од 3 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-4940/1
31 октомври 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Никола Груевски,** с.р.

---

**1965.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05 и 37/06) и член 43 од Деловникот за работа на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/1, 98/02, 9/03, 47/03, 64/03, 67/03 и 51/06), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31.10.2006 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИТЕТ НА МИНИСТРИ ЗА СЛЕДЕЊЕ И КООРДИНАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СООДВЕТНАТА И ПРАВИЧНАТА ЗАСТАПЕНОСТ НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА ЗАЕДНИЦИТЕ ВО ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА И ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Член 1

Со оваа одлука се формира Комитет на министри за следење и координација на активностите кои се однесуваат за подобрување на соодветната и правичната застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната управа и јавните претпријатија (во натамошниот текст: Комитет на министри).

Член 2

Со Комитетот на министри ќе раководи заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за спроведување на Рамковниот договор.

Член 3

Членовите на Комитетот на министри се: заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за образование и земјоделство.

Член 4

Комитетот на министри ќе ги следи и координира активностите кои се однесуваат на подобрување на соодветната и правичната застапеност на припадниците на заедниците на органите во државната управа и јавните претпријатија.

Член 5

Комитетот на министри за своите работи одлучува на седници кои се свикуваат еднаш во месецот или по потреба и почесто.

За работата на Комитетот на министри, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор, постојано ја известува Владата на Република Македонија.

Член 6

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за формирање на Комитет на министри за следење и координација на активностите кои се однесуваат за подобрување на соодветната и правичната застапеност на припадниците на заедниците во јавната администрација и јавните претпријатија („Службен весник на РМ" бр. 9/03).

Член 7

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-5394/1
31 октомври 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Никола Груевски,** с.р.

---

**1966.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05 и 37/06), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31.10.2006 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА МЕЃУРЕСОРСКО ТЕЛО ЗА КООРДИНАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

Член 1

Во Одлуката за формирање на меѓуресорско тело за координација на активностите против корупцијата

(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/06), во членот 3 се додава нова алинеја која гласи:

- Царинската управа - Министерството за финансии.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-5396/1 Претседател на Владата
31 октомври 2006 година на Република Македонија,
Скопје **Никола Груевски,** с.р.

**1967.**

Врз основа на член 15 став 2 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/2006), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 10 октомври 2006 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ**

1. За директор на Управата за извршување на санкциите, орган во состав на Министерството за правда, се именува Лидија Гаврилоска, дипл. правник, адвокат од Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-4918/2 Претседател на Владата
10 октомври 2006 година на Република Македонија,
Скопје **Никола Груевски,** с.р.

**1968.**

Врз основа на член 44 од Законот за задолжително осигурување во сообраќајот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/2005 и 70/2006), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 октомври 2006 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА КОМИСИЈАТА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОД АВТОМОБИЛСКА ОДГОВОРНОСТ**

1. Љупчо Шапчевски се разрешува од должноста член на Комисијата за осигурување од автомобилска одговорност, поради заминување на друга должност.

2. За член на Комисијата за осигурување од автомобилска одговорност се именува Владимир Стојановски, дипл. инж. по електротехника, виш соработник во Одделението за супервизија на осигурување во Министерството за финансии.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-978/5 Претседател на Владата
18 октомври 2006 година на Република Македонија,
Скопје **Никола Груевски,** с.р.

**1969.**

Врз основа на член 14 од Законот за попис на земјоделството во Република Македонија, 2006 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/2006), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 октомври 2006 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ КОМИТЕТ ЗА РАЗВОЈ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ СТАТИСТИКИ**

1. За претседател и членови на Управниот комитет за развој на земјоделските статистики се именуваат:

а) за претседател

- м-р Благица Новковска, директор на Државниот завод за статистика

б) за членови:

- Алириза Елези, државен советник во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство
- Перица Ивановски, од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство
- Благој Ѓорѓиевски, директор на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството - Битола
- Александар Николовски, раководител на одделение во Секретаријатот за европски прашања
- Зоранчо Муканов, раководител на сектор во Државниот завод за геодетски работи
- д-р Елизабета Ангелова, професор на Факултетот за земјоделски науки и храна
- м-р Вања Кондратенко, раководител на одделение во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Управа за ветеринарство
- Стојан Лазарев, претседател на Комисијата за рурален развој во Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија
- Ефтим Шаклев, претседател на Федерацијата на фармерите во Република Македонија
- д-р Панде Трајков, професор на Шумарскиот факултет - Скопје
- Мира Тодорова, раководител на сектор во Државниот завод за статистика
- м-р Верка Грозданоска - Панова, раководител на одделение во Државниот завод за статистика.

2. Со именувањето на претседателот и членовите на Управниот комитет за развој на земјоделските статистики на досегашниот претседател и членовите на Управниот комитет за развој на земјоделските статистики им престанува мандатот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-2129/5 Претседател на Владата
18 октомври 2006 година на Република Македонија,
Скопје **Никола Груевски,** с.р.

**1970.**

Врз основа на член 34 став 1 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/2006), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 октомври 2006 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА КАЗНЕНО-ПОПРАВЕН ДОМ ИДРИЗОВО СО ОТВОРЕНО ОДДЕЛЕНИЕ ВО ВЕЛЕС**

1. Се разрешува Јовица Стојановиќ од должноста директор на Казнено-поправен дом Идризово со Отворено одделение во Велес.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-4044/1 Претседател на Владата
18 октомври 2006 година на Република Македонија,
Скопје **Никола Груевски,** с.р.

**1971.**

Врз основа на член 34 став 1 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/2006), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 октомври 2006 година, донесе

**РЕШЕНИЕ
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА КАЗНЕНО-ПОПРАВЕН ДОМ ОД ОТВОРЕН ВИД СТРУГА**

1. Се разрешува Урим Каба од должноста заменик на директорот на Казнено-поправен дом од Отворен вид Струга.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-4047/1
18 октомври 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Никола Груевски,** с.р.

---

**1972.**

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/2002, 40/2003 и 49/2006), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 октомври 2006 година, донесе

**РЕШЕНИЕ
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН И ДЕЛОВЕН ПРОСТОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Огнен Апостолски се разрешува од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија, на негово барање.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-4291/3
18 октомври 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Никола Груевски,** с.р.

---

**1973.**

Врз основа на член 26 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/2002, 40/2003 и 49/2006), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 октомври 2006 година, донесе

**РЕШЕНИЕ
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЧЛЕН НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ПАСИШТА-СКОПЈЕ**

1. Владимир Терповски се разрешува од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта - Скопје, на негово барање.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-4304/3
18 октомври 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Никола Груевски,** с.р.

**1974.**

Врз основа на член 99 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 19/2004 и 109/2005), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 октомври 2006 година, донесе

**РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ ПО ЈАВНИ НАБАВКИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. За претседател и членови на Комисијата за жалби по јавни набавки на Владата на Република Македонија се именуваат:

а) за претседател
- Слободан Поповски

б) за членови
- Татјана Петровска
- Драган Мартиновски
- Шпреса Фетаи
- Зоран Додевски.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-4685/1
18 октомври 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Никола Груевски,** с.р.

---

**1975.**

Врз основа на член 16 од Законот за јавното правобранителство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/97), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 октомври 2006 година, донесе

**РЕШЕНИЕ
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА ЗАМЕНИК НА ЈАВНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ПОДРАЧЈЕТО НА ВЕЛЕС**

1. Никола Димовски, се разрешува од функцијата заменик на јавниот правобранител на Република Македонија за подрачјето на Велес.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-5105/2
18 октомври 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Никола Груевски,** с.р.

---

**1976.**

Врз основа на член 16 од Законот за јавното правобранителство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/97), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 октомври 2006 година, донесе

**РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЈАВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. За јавен правобранител на Република Македонија се именува Оливера Китанова, правен советник на НВО Транспарентност - Македонија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-5128/1
18 октомври 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Никола Груевски,** с.р.

**1977.**

Врз основа на член 16 од Законот за јавното правобранителство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/97), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 октомври 2006 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА ЗАМЕНИК НА ЈАВНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ПОДРАЧЈЕТО НА КОЧАНИ**

1. Јордан Данилов, се разрешува од функцијата заменик на јавниот правобранител на Република Македонија за подрачјето на Кочани.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-5129/1
18 октомври 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Никола Груевски,** с.р.

---

**1978.**

Врз основа на член 78 став 2 од Законот за здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/2005), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 октомври 2006 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ДРЖАВНАТА ФИТОСАНИТАРНА ЛАБОРАТОРИЈА**

1. За директор на Државната фитосанитарна лабораторија, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, се именува Цветан Трипуновски.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-5130/1
18 октомври 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Никола Груевски,** с.р.

---

**1979.**

Врз основа на член 10 став 3 од Законот за индустриската сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/2004 - Пречистен текст), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 октомври 2006 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ**

1. За заменик на директорот на Државниот завод за индустриска сопственост се именува Митко Костов.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-5131/1
18 октомври 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Никола Груевски,** с.р.

---

**1980.**

Врз основа на член 47 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2000 и 44/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 октомври 2006 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА БИРОТО ЗА СУДСКИ ВЕШТАЧЕЊА**

1. За директор на Бирото за судски вештачења, орган во состав на Министерството за правда, се именува Владимир Стојаноски.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-5132/1
18 октомври 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Никола Груевски,** с.р.

---

**1981.**

Врз основа на член 47 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2000 и 44/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 октомври 2006 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА БИРОТО ЗА РАЗВОЈ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОБРАЗОВАНИЕТО НА ЈАЗИЦИТЕ НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА ЗАЕДНИЦИТЕ**

1. За директор на Бирото за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците, орган во состав на Министерството за образование и наука, се именува Анифа Демировска.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-5133/1
18 октомври 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Никола Груевски,** с.р.

---

**1982.**

Врз основа на член 47 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2000 и 44/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 октомври 2006 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ШУМАРСТВО И ЛОВСТВО**

1. За директор на Државниот инспекторат за шумарство и ловство, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, се именува Горан Стојковски.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-5134/1
18 октомври 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Никола Груевски,** с.р.

---

**1983.**

Врз основа на член 34 став 1 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/2006), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 октомври 2006 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА КАЗНЕНО-ПОПРАВЕН ДОМ ИДРИЗОВО СО ОТВОРЕНО ОДДЕЛЕНИЕ ВО ВЕЛЕС**

1. За директор на Казнено-поправен дом Идризово со Отворено одделение во Велес се именува Александар Донев.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-5135/1 Претседател на Владата
18 октомври 2006 година на Република Македонија,
Скопје **Никола Груевски,** с.р.

**1984.**

Врз основа на член 34 став 1 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/2006), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 октомври 2006 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА КАЗНЕНО-ПОПРАВЕН ДОМ ОД ОТВОРЕН ВИД СТРУГА**

1. За заменик на директорот на Казнено-поправен дом од Отворен вид Струга се именува Антон Чакар.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-5136/1 Претседател на Владата
18 октомври 2006 година на Република Македонија,
Скопје **Никола Груевски,** с.р.

**1985.**

Врз основа на член 34 став 1 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/2006), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18 октомври 2006 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ВОСПИТНО-ПОПРАВЕН ДОМ ТЕТОВО**

1. Се разрешува Тодор Крстевски од должноста директор на Воспитно-поправен дом Тетово.

